## Локален Економско Социјален Совет на Општина Битола

Бр.40-175/2
16.11.2022

# ЗАПИСНИК ОД ВТОРАТА СЕДНИЦА НА ЛЕСС БИТОЛА

**Одржана на 23.11.2022 во 12:00 часот (среда)**

Втората седница на Локалниот Економско Социјален Совет на Општина Битола се одржа на 23.11.2022 (среда) во Општина Битола, со почеток во 12.00 часот.

Седницата ја водеше претседавачот на ЛЕСС, Гордана Балтовска. Присутни 19 членови на ЛЕСС (прилог список за присуство).

**Дневен ред**

1. Усвојување на записникот од Конститутивната седница
2. Усвојување на Предлог Деловник за работа на Локален Економско социјален совет
3. Информирање и учество во процесот на изработка на Стратегијата за ЛЕР
4. Информирање и учество во процесот на изготвување на акциониот план на ЛЕСС
5. Информации од МКЦ Битола за проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата"
6. Разно

Втората седница ја започна Гордана Балтовска, претседавач на ЛЕСС, констатирајќи го потребниот кворум за работа и донесување на одлуки, при што беше констатирано дека присутни се вкупно 9 членови од претставниците на потписниците на спогодбата, а присутни се и претставниците на другите здруженија и институции кои членуваат во ЛЕСС.

Претседавачот информираше за дневниот ред и истиот едногласно беше усвоен.

Во врска со **првата точка:** Усвојување на записникот од Конститутивната седница, Балтовска информираше дека, записникот беше доставен по мејл и за истиот не беа доставени забелешки. Записникот беше ставен на гласање и едногласно условен.

Во врска со **точка 2** Усвојување на Предлог Деловник за работа на Локален Економско социјален совет, претседавачот Балтовска, образложи дека предлог Деловникот беше доставен на членовите, при што од страна на КСС беа доставени забелешки. Поради тоа, претседавачот отвори дискусија по точка 2, при што збор зеде Зоран Михајловски, претставник на КСС.

Зоран Михајловски, образложи дека, забелешките на КСС, се однесуваат на член 6 каде што стои: „Претседавачот, заменикот претседавачот и секретарот се избираат со консензус".
Михајловски истакна дека: Сметаме дека овај вид на избор не е најповолен и нема демократски пристап. На пример, само еден член од вкупно 12 може да го блокира изборот или реизборот на органите на ЛЕСС. Нашиот предлог е следен:
Претседавачот, заменикот претседавачот и секретарот се избираат со јавно гласање. На седницата на која се врши избор на претседавач, заменик претседавач и секретар мора да се присутни најмалку 2/3 од членовите, а лицето се смета за избрано доколку за него позитивно се изјасниле мнозинството од присутните членови.

Во истиот член тој додаде дека стои: „Мандатот на претседавачот и заменик претседавачот изнесува 1 година“.
Во врска со ова истакна: „Сметаме дека претседавачот, неговиот заменик треба да имаат мандат од четири години исто како и секретарот“, затоа што една година е прекраток период.
Во истиот член, Михајловски, предложи зборот консензус да се замени и во речиницата: „Претседавачот, заменик претседавачот и секретарот се разрешуваат со консензус“, а да биде формулирана:
„Претседавачот, заменик претседавачот и секретарот се разрешуваат доколку за предлогот позитивно се изјасниле мнозинството од присутните членови но само доколку се присутни 2/3 од вкупниот број од членовите“.

Неговиот предлог за бришење на зборот „консензус“, се однесуваше и на истиот збор во член 23.
Во член 27, нагласи дека КСС, смета дека од практични причини при формирањето на секоја комисија треба да се нагласи и мандатот на истата, во спротивно може да имаме комисии кои ќе имаат мандат подолг од мандатите на претседавачот, неговиот заменик, секретарот па дури и од актуелниот состав на ЛЕСС.

После произнесувањето на Михајловски, збор зеде Љупчо Василевски од ССМ, кој нагласи дека, заради усогласување на Спогодбата со Деловникот, претседавачот и заменик претседавачот треба да имаат мандат од ~~една година, а заради континуитет, мандатот на секретарот да биде 4 години. Тој предложи и за учество во~~ ЛЕСС да биде поканет и претставник на Здружението на пензионери.

Гордана Балтовска, нагласи дека на оваа седница, мора да биде прецизирана најдобрата форма на Деловникот, за ЛЕСС да може да работи и носи одлуки.

Збор зеде Никола Димковски, од регионална стопанска комора кој даде предлог во член 3 да се внесе и Регионална стопанска комора.

Заменик претседавачот, Борче Димитровски, рече дека, јасно е дека зборот консензус треба да биде заменет, а добро е да се даде право одлуките да се носат со гласање.

Во делот на мандатот на претседавачот и заменик претседавачот го даде следниот предлог: Да не се оди спротивно на спогодбата, но да се остави можност за реизбор, по прифаќање на доставен извештај за работа. Значајно е да се даде ширина на функционирањето, зошто 12 месеци е прекраток период, имајќи предвид дека 1 месец измина во административно технички работи.

Гордана Балтовска, претседавач на ЛЕСС, после дискусијата го донесе следниот заклучок:

Деловникот да се кореигара во делот на мандатот на претседавачот и заменик претседавачот на 1 година мандат со можност за реизбор, а избор и реизбор се прави со позитивно изјаснување на 2/3 од овластените претставници. Околку зборот „консензус“, се бара произнесување, мислење и гласање.

Балтовска додаде, во Деловникот треба да биде вклучена Регионалната стопанска комора, а да се испрати покана за член од Здружение на пензионери. Од нејзина страна беше побарано да се испрати барање и за номинирање на претставник од Македонското научно друштво, а по потреба и други релевантни фактори.

Со внесување на предложените измени, Деловникот беше ставен на гласање и едногласно усвоен.

Во врска со **точка 3 Информирање и учество во процесот на изработка на Стратегијата за ЛЕР,** Гордана Балтовска информираше дека општината започна процес на изработка на Стратегија за ЛЕР, за што од голема важност е учеството и поддршката од ЛЕСС, затоа што оваа активност била дел и од претходниот акциски план и истата сеуште не е реализирана. За подетално образложение за процесот на изработка на стратегијата, збор зеде, секретарот на ЛЕСС, Цветанка Ристевска.

Ристевска образложи дека, Општина Битола, со техничка поддршка од УСАИД во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите", започна со првата фаза на собирање податоци за изготвување на стратегијата. Прирачниците (табели доставени од УСАИД) се поделени на присутните и истите треба да се пополнат до 5 декември. Во овој контекст, многу е важно учеството на сите членови, во различни области, за да може стратегијата да биде изработена во најдобра форма. Имајќи ги предвид, потребните податоци, предложи да се формира комисија од ЛЕСС, која ќе биде поддршка во процесот на изработка на ЛЕСС. Исто така, извести дека, од денес ќе биде објавена анкета и замоли за вклучување и дистрибуирање на анкетата помеѓу што е можно поголем број испитаници, за да се добие релевантно мислење, по однос на прашањето: Како граѓаните ја перцепираат општината.

Заменик претседавачот на ЛЕСС, Борче Димитровски, образложи дека, општината од 2018 година нема стратегија за локален економски развој, што особено претставува негативна страна и голем недостаток, при аплицирање за средства од Европските и меѓународните фондови.

Борче Корлевски, претставник на Советот на општината во ЛЕСС, даде забелешка по однос на анкетата за изработка на стратегијата, нагласувајќи дека потребно е да се искористат релевантни податоци од другите документи кои ги има општината.

Ристевска, објасни дека, анкетата е само еден сегмент од вкупно 9 те прирачници и дека за сите останати области ќе се користат релевантни извори, со вклучување на соодветните институции.

По однос на точка 3, Гордана Балтовска го донесе следниот заклучок:

Во изработката на Стратегијата за локален економски развој, да се даде максимална поддршка од сите членови, да се внесат сите важни делови од законски и подзаконски акти, а мислењето на јавноста да го опфаќа делот кој се однесува на перцепцијата на јавноста на општината, додека другите податоци да се обезбедат од релевантни фактори.

Беше предложено формирање на комисија во следниот состав:

Претставник од образование Гоце Марковски

Претставник од невладин сектор Фатма Бајрам Station Аземовска

Претставник од центар за вработување Јешим Сејфуловска

Претставник од организација на работодавачи Гордана Балтовска

Претставник на Регионалната стопанска комора Никола Димковски

Претставник од општина Цветанка Ристевска

Беше даден предлог да се испрати допис до Центар за социјални работи за да биде назначен претставник и од таа институција

Ваквиот состав на комисијата беше едногласно усвоен.

За претседател на комисијата, Никола Димковски ја предложи Гордана Балтовска, која едногласно беше избрана.

Во врска со **точка 4** Информирање и учество во процесот на изготвување на акциониот план на ЛЕСС, претседавачот Гордана Балтовска информираше дека акциониот план треба да се изготви, а за тоа потребно е да се доставаат предлози од сите членови на ЛЕСС во рок од 2 недели од денот на одржување на седницата, односно најдоцна до 07.12.2022.

## Локален Економско Социјален Совет
## на Општина Битола

Претставникот на КСС, Жарко Краус, предложи за 2022 да се реализираат активности од веќе постоечкиот план, имајќи предвид дека голем дел од активностите не се реализирани.

Љупчо Василевски, претставникот на ССМ, како предлог активности ги наведе следните: заштита на природата – еко заштита, подобрување на чистотата, на квалитетот на воздухот, формирање на јавно транспортно претпријатие. Тој наведе и дека, комуналните претпријатија функционираат преубаво со мали средства, така што потребно е да се зголеми цената да се создаде поголема можност за набавка на возила за селекција на отпад. Подобрување на состојбата со старскиот дом, обезбедување на доволно кадар, а со сите наведени мерки да се постигне подобрување на социоекономското живеење и правата на вработените.

Борче Корлевски информираше дека, од 22.11 започна подготовката на ЛЕАП, транспортното претпријатие е формирано, а во тек е изработката на ГУП. Тој побара и од невладиниот сектор, поголема вклученост во информирањето на јавноста по однос на ваквите важни прашања, за што повеќе граѓаните да бидат информирани за тековните активности на општината.

Заменик претседавачот на ЛЕСС, Борче Димитровски, рече дека потребно е да се разгледа можноста претставник на ЛЕСС да биде влучен и во изработката на другите стратешки документи на општината. Тој го ~~истакна и примерот од посетата на фабрика за автобуси и транспортно претпријатие во Чешка, искуство од~~ Франција и Србија, каде јавниот транспорт се реализира со субвенции од општината.

Во врска со предлозите на Василевски, Димитровски информираше за регионалната депонија и потенцијалната можност за набавка на нови камиони за ЈП Комуналец со оперативен лизинг.

Жарко Краус, претставник на КСС, побара вклучување на невладиниот сектор при изработка на проектни апликации кои би биле поврзани со скрининг за субвенционирање, а потоа и да се земат предвид новите модули кои постојат за прочистување на возухот.

Никола Димковски објасни дека, во одредувањето на целите и приоритетите дополнителна олеснителна околност е што во моментот сите се во фаза на изготвување на програми.

По однос на **точка 4**, Балтовска заклучи дека основната функција на ЛЕСС е да се направи претходница на донесување на одлуките на Советот (член 24 од Деловникот). Согласно тоа, потребно е претставници од ЛЕСС да се вклучат во изготвувањето на стратешките документи.

За две недели од денот на одржувањето на седницата, на официјалната мејл адреса да се доставуват сите предлози, во кои ќе се следи примерот на предлогот на КСС (форма доставена пред конститутивната седница на емаил) или по примерот на претходно изготвениот план, достапен на веб страната на општината на следниот линк http://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2019/09/AP-LESS-Bitola-2019-2022_fin.pdf.

**Точка 5** Информации од МКЦ Битола за проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата".

Во врска со оваа точка, Гордана Балтовска и даде збор на Мери Нашоку од МКЦ Битола, која информираше за реализацијата на проектот

Мери Нашоку информираше за реализација на проектот кој го реализира Младинскиот културен центар – Битола во соработка со Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС) на Општините Битола, Струга, Тетово, Гостивар, Штип, Ресен, Кавадарци и Свети Николе.

Таа нагласи дека, проектот нуди можност секој ЛЕСС од овие општини да го јакне капацитетот, за улогата и претставување пред локалната заедница. До Нова година најави 3 активности, поврзани со одбележување, трансфер на знаење и вмрежување.

Мери Нашоку, побара на 29.11 претставници од ЛЕСС Битола да земат учество на работилница во Гостивар. Станува збор за еднонеевен настан за размена на информации, полуформална средба со работен состанок „Вмрежување помеѓу ЛЕСС овите". Иста таква средба ќе има и во Свети Николе на 6 декември, а третиот настан ќе биде во Скопје на 22 декември, како национален настан за вмрежување со учесници од локалните самоуправи, донаторската заедница, а фокусот ќе биде на подобрување на работата.

Во делот на промовирање на активностите на ЛЕСС, од присутните беа дадени предлози за предвидување на конкретни мерки и активности кои ќе ја зголемат визибилноста на ЛЕСС Битола.

Во врска со точка 6 **Разно**, Гордана Балтовска, ја прочита поканата од ПРЕДА плус за ИНОВАЦИСКИОТ форум, закажан за 28 ноември во 11:30 часот во Факултетот за информатичка технологија.

Втората седница на ЛЕСС Битола, заврши во 13:52.

Заклучоци:

1. **Усогласување на Деловникот со дадените забелешки**
2. **До 05.12.2022 собирање на податоци по однос на прирачниците од УСАИД за Стратегијата за локален економски развој**
3. **Активно учество на комисијата во изготвување на Стратегијата**
4. **До 07.12.2022 достава на предлози за изготвување на акционен план на ЛЕСС (предлог, активност, индикатор, резултат, одговорен, временска рамка)**
5. **Покана за член од ЦСР за учество во комисијата за изготвување на Стратегијата**
6. **Покана до Здружение на пензионери и Македонско научно друштво за учество во работата на ЛЕСС Битола**
7. **Учество на членови на ЛЕСС во изготвување на други стратешки документи на општината**
8. **Присуство на членови на ЛЕСС на настаните организирани од МКЦ (29.11.2022 во Гостивар, 06.12.2022 во Свети Николе и 22.12.2022 во Скопје)**

Записникот го водеше:

**Секретар на ЛЕСС Битола**

**Цветанка Ристевска**

**Одобрил:**

**Претседавач**

**Гордана Балтовска**